# ЗОШТО ДА ГО ПОДДРЖИТЕ EOSC?

NI4OS Europe

## ВОВЕД

Размената на знаење, дигиталните услуги и достапноста на податоците надвор од географските граници и научни домени сѐ уште претставуваат предизвици, спречувајќи глобалното истражување да даде максимални резултати.

EOSC се обидува да ги реши овие прашања обезбедувајќи доверлива, интегрирана виртуелна средина со беспрекорен пристап до податоци и интероперабилни услуги што им овозможува на милиони научници да пристапат, складираат, управуваат, анализираат, споделуваат и повторно да користат податоци од истражувањата надвор од границите и научните дисциплини. Се очекува EOSC да опслужи приближно 2 милиони истражувачи во Европа и постепено да ја прошири својата база на корисници за да го вклучи поширокиот јавен сектор и приватниот сектор.

EUROPEAN OPEN SCIENCE CLOUD

Во текот на последната деценија во цела Европа имаше значителни инвестиции во истражувачки податочно ориентирани инфраструктури и е-инфраструктури. Исходот е огромно количество инфраструктурни услуги од различни размери и опсези, централизирани или дистрибуирани, општи, специфични за одреден домен или меѓудисциплинарни. Предизвикот на EOSC е да се поврзе со овие разновидни платформи на ниво на поддомени, домени и интердисциплинарно ниво и на европските истражувачи да им пружи инклузивна и доверлива средина за податоци и услуги.

# ЗОШТО ДА ГО ПОДДРЖИТЕ EOSC?

## ПРИДОБИВКИ ЗА ИСТРАЖУВАЊАТА

**EOSC го олеснува споделувањето и повторното користење на истражувачките податоците, со што го зголемува квалитетот и доверливоста на науката, како и продуктивноста на истражувачите.**

Здружувањето на инфраструктури и поврзувањето на податочни множества ја стимулира соработката помеѓу институциите и истражувачите, не само во истражувачките проекти, туку и во професионалните сектори и на ниво на земји.

Овозможува пристап до збир на европски податочни множества и услуги.

EUROPEAN OPEN SCIENCE CLOUD

Преку овој пристап, EOSC ќе:

- им овозможи на институциите и истражувачите кои немаат доволно ресурси, да извлечат од оваа база на податоци и услуги, да ги надоместат националните недостатоци и да ги реализираат своите истражувања.
- ги поедностави и прошири можностите за соработка на истражувачите и ќе им овозможи да започнат нови истражувачки активности. EOSC би можел да го поттикне широко распространето прифаќање од страна на европската наука за пресметување во облак во супер размери.

Достапноста на компјутерските и ресурсите за складирање повеќе нема да претставува тесно грло. Споделувањето на резултатите од истражувањето преку пан -европската платформа ја зголемува видливоста и влијанието.
Запознавањето со EOSC ги зголемува можностите за финансирање преку програмата Хоризонт Европа.

# ЗОШТО ДА ГО ПОДДРЖИТЕ EOSC?

NI4OS Europe

Да се биде овластена организација во EOSC асоцијацијата значи овозможување на изразување ставови и потреби на вашиот национален истражувачки екосистем.

Националните претставници ќе имаат можност да ја обликуваат целокупната стратешка агенда за истражување на ЕУ, што всушност е реалност за сите, без разлика дали учествуваат во EOSC или не.

## ПРИДОБИВКИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

EOSC се поврзува со засегнатите страни од другите региони на Европа и на тој начин го олеснува споделувањето знаења и искуства. Земјите кои веќе се напредни во поглед на FAIR податоци и политики за отворена наука можат да ги споделат своите најдобри практики и да бидат лидери во развојот на EOSC.

**Интегрирана околина како EOSC поддржува децентрализација и регионален раст.**

Овозможува отворени иновации и ѝ помага на Европа да има социјална и економска корист од резултатите од истражувањата и иновациите со вклучување на повеќе актери и инвестиции во процесот на истражување и иновации.

EUROPEAN OPEN SCIENCE CLOUD

Националните претставници ќе имаат можност да ја обликуваат SRIA, што ќе биде основа за развивање на приоритетите за следната работна програма на Европската Комисија - Хоризонт Европа (2021-2027).
Истражувачите ќе имаат полесен пристап до финансирањето од Хоризонт Европа (да бидат дел од развојот, да соработуваат во конзорциуми, итн.)
Ја зголемува продуктивноста на науката и ги подобрува националните перформанси кога се во прашање DESI индикаторите.

# ЗОШТО ДА ГО ПОДДРЖИТЕ EOSC?

## ЕКОНОМСКИ ПРИДОБИВКИ

Споделувањето на ресурсите и услугите создава економии на обем.

Со здружување на постоечките истражувачки услуги и податочната инфраструктура, EOSC ќе ги охрабри националните инвестиции и ќе додаде вредност во однос на обемот, интердисциплинарноста и побрзата иновација.

Ставајќи ги најсовремените пресметковни ресурси и ресурси управување со податоци на дофат на истражувачите, EOSC може да донесе промени во продуктивноста.

Достапноста на пресметковните ресурси и податоци не треба да биде тесно грло за развој и понуда на комерцијални производи.

Преку EOSC инфраструктурата владите можат да ѝ понудат на истражувачката заедница во нивната земја пристап до ресурси, алатки и платформи кои инаку не би биле достапни во земјата, а нивното поставување ќе треба да биде поддржано од земјата.

Истражувачите и иноваторите ќе можат заеднички да создаваат иновативни нови технологии и услуги, што пак ќе доведе до создавање нови работни места и пазари.

EOSC е подеднакво достапен за истражувачите и во јавниот и во приватниот сектор. Користењето на истите платформи и инфраструктури за заеднички експерименти ги минимизира ризиците и времето на пласман на производите на пазарот, што на крајот може да донесе големи економски придобивки.